ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0903-149/10**

**Дата: 28.07.2009**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за правда (во понатамошниот текст МП), сметка за приходи наплатени од органи за 2008 година, кои се прикажани на страните 6 и 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија за 2005 и 2006 година, и за овие години издадени се извештаи за финансиските извештаи на Министерството за правда. За годината која `и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
    - Михајло Маневски, министер за правда од 31.08.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 2.03. до 29.05.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
    - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 15.07.2009 година примени се забелешки по Претходниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за правда, сметка за приходи наплатени од органи за 2008 година, заведени под бр. 07 – 3027/2 од 13.07.2009 година, од министерот за правда. Истите се разгледани, при што е одлучено следното:
    - Забелешката која се однесува на наодите во точките 10.1.3. и 10.1.4. од Претходниот извештај делумно се прифаќа и наодот во точка 10.1.4. се дополнува во Конечниот извештај.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите**

11.1.1. Во деловните книги за 2008 година евидентирани се други неданочни приходи во износ од 1.174 илјади денари, за кои што ревизијата не доби достатни и релевантни докази за потврда на основот, како и за точноста, законитоста и целосноста на овој вид на приходи, поради неприложена и необезбедена целосна документација за основот на наплата и нивното евидентирање, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Според целта на дознака во изводите на сметката на министерството, ревизијата можеше да согледа дека истите се однесуваат на поврат на средства од повеќе исплатен надомест на штета за неоснован притвор во износ од 835 илјади денари и од наплатен надомест за трансфер на осудени лица во износ од 339 илјади денари.

11.1.2. За остварениот приход од 835 илјади денари дополнително е доставена документација од Секторот за правосудство (пресуда од суд за надомест на нематеријална штета, решение за преиначување на пресудата, ревизија на донесените пресуди и барање за намалување на досудениот износ), од која не може да се утврди датумот и износот на исплатата, ниту од која сметка се претходно исплатени средствата (дали директно од буџетот – функции на државата или пак од трезорската сметка на МП-сметка за средства од Буџетот на РМ). Остварениот приход не е уплатен на соодветните уплатни сметки за јавни приходи во Буџетот на РМ, спротивно на Законот за буџети и Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи, што има за последица неосновано располагање и користење на средства од страна

на МП. По истиот основ за 2006 и 2007 година наплатени се 1.505 илјади денари.

11.1.3. За остварениот приход од 339 илјади денари по основ на барање за трансфер на осудено лице од странска земја доставена е документација од Секторот за меѓународна правна помош (предмети – досиеја за трансфер на осудени лица), според која министерството пресметува и наплатува надомест во висина на фактички настанатите трошоци. За износот со кој се задолжува осуденото лице, Секторот не изготвува пресметки кои би претставувале сметководствен документ за книжење, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, а со ревизијата се утврдени два случаи на помалку пресметан и наплатен надомест на трошоците направени за трансферот во вкупен износ од 111 илјади денари.

11.1.4. Согласно Европската конвенција за трансфер на осудени лица, од 1999 година, трошоците за трансфер на осудено лице се на терет на државата. Според раководителот на Секторот за меѓународна правна помош, иако ова е на ваков начин регулирано, поради големиот број на осудени лица во странски земји, на кои по нивно барање им се одобрува трансфер, и поради големите трошоци за трансфер, одлучено е да се пресметува и наплатува надоместок во висина на вистинските трошоци на терет на осуденото лице (патни и дневни трошоци: авионска карта за осуденото лице и авионски карти за дневници и сместување на лицата овластени за трансфер од МВР – Интерпол). Во прилог на наведеното постапување дополнително е доставен документ: извадок од објаснувањето на одредбите на Европската конвенција за трансфер на осудени лица, донесен од Советот на Европа од Комитет на владини експерти, во кое е дадено појаснување на одредбата во чл. 17 ст. 5 од Конвенцијата со дадена можност дека ,,државата која ја извршува казната, сепак, не е спречена да бара надомест на сите или на дел од трошоците за трансфер на осуденото лице,,. Ревизијата смета дека за примена на оваа можност потребен е посебен акт од Владата на РМ или министерот за правда со кој ќе се утврдат условите и критериумите за одобрување на барањата од осудените лица и начинот на постапување во постапката за екстрадиција.

11.1.5. Спротивно на Законот за извршување, приходот што е остварен од наплата на трошоците кои ги плаќаат кандидатите за полагање на испитот за извршители во вкупен износ од 432 илјади денари, не е регулиран како обврска на кандидатите, ниту со посебна одредба е предвиден во Правилникот, освен во членот 5 ст. 2 ал. 5 од истиот во која е наведено дека кандидатот покрај другото, треба да има доказ за платените трошоци за испитот. Ревизијата утврди дека ваквата обврска е наведена само во огласот за пријавување на кандидатите во износ од 9 илјади денари по кандидат и ќе се уплатува на сметката за приходи наплатени од органи на МП. Поради нерегулираната наведена обврска со закон или друг подзаконски акт, ревизијата е на мислење дека овој вид приход е неоснован.

**Препораки**

1. Одговорните лица во секторот за финансирање да обезбедат евидентирање на сите видови приходи врз основа на соодветна документација (пресметки, уплатници и други документи) со цел потврдување на износот и основот по кој се остварува приходот.

2. Приходот од извршен поврат на средства за повеќе исплатен надомест на штета, да се насочува на соодветна уплатна сметка за јавни приходи, во Буџетот на РМ.
3. Секторот за меѓународна правна помош да изготвува пресметки кои би претставувале сметководствен документ за книжење во деловните книги.
4. Во МП односно Секторот за меѓународна правна помош да ја преиспита можноста за наплата на надомест за извршен трансфер од осуденото лице и да предложи до министерот носење на посебен акт кој ќе ги регулира условите и критериумите за начинот на покривање на наведените расходи.
5. Во Секторот за надзор на работата на извршителите и нотарите да се преземат активности за регулирање на основот за наплата на трошоците кои ги плаќа кандидатот за полагање на испитот за извршители со законски прописи.

11.2. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.2.1. Во Законот за извршување и Правилникот за програмата и начинот на полагање на испитот за извршители, донесен од министерот за правда, нема основ за пресметка и исплата на надоместок за работата на комисијата за полагање на испит за извршители, поради што и пресметаните а ненаплатени обврски за надоместок на комисијата на 31.12. 2008 година, во вкупен износ од 428 илјади денари, се неосновано евидентирани. Решението за определување на надоместокот за работа на комисијата, во кои се вклучени и трошоците за кандидатот, е донесено врз основа на чл. 55 од Законот за организација и работа на органите на државна управа, (членот 55 се однесува само за решенија кои се однесуваат на работата на министерство), а не постои законски основ во Законот за извршување, кој што ја регулира оваа материја.

**Препорака**

1. Во Секторот за надзор на работата на извршителите и нотарите да се преземат активности за регулирање на надоместоците за работа на комисијата за спроведување на испитот за извршители со законски прописи.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.1.1; 11.1.2; 11.1.3; 11.1.4; 11.1.5. и 11.2.1., ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на Министерството за правда-сметка за приходи наплатени од органи, под 31.12.2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.1.2; 11.1.4; и 11.1.5 кај Министерството за правда – сметка за приходи наплатени од органи не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

14. Ревизијата има обврска да истакне дека по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на МП, сметка за приходи наплатени од органи за 2006 година, од страна на МП, спроведени се препораките за отстранување на неправилностите во точка 10.1.3, а делумно се спроведени препораките за наодите во точка 10.1.1, 10.1.2, 10.2.1. и 10.2.2., од извештајот. Не е доставен писмен одговор на информацијата за преземени мерки по препораките од овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај за 2006 година.

Скопје, 28.07.2009 година **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 7,780 | 6,624 |
| Трансфери и донации | 1,300 | 771 |
| **Вкупно приходи** | **9,080** | **7,395** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 3,280 | 3,492 |
| Субвенции и трансфери | 2,365 | 2,603 |
| **Вкупно тековни расходи** | **5,645** | **6,095** |
| **Вкупно расходи** | **5,645** | **6,095** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **3,435** | **1,300** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **3,435** | **1,300** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 3,435 | 1,300 |
| Побарувања од вработените | 116 | 60 |
| Активни временски разграничувања | 952 | 95 |
| **Вкупно тековни средства** | **4,503** | **1,455** |
| **Вкупна актива** | **4,503** | **1,455** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 140 | 96 |
| Краткорочни финансиски обврски | 731 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 81 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 3,551 | 1,359 |
| **Вкупно тековни обврски** | **4,503** | **1,455** |
| **Вкупна пасива** | **4,503** | **1,455** |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0906-149/16**

**Дата: 18.09.2009**

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија ("Сл. весник на РМ" бр. 65/97…133/07) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за правда, Сметка за приходи наплатени од органи за 2008 година, бр. 3832/2 од 27.08.2009 година, примен на ден 01.09.2009 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

# *Р Е Ш Е Н И Е*

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

**1.** Приговорот на наодите во точка 11.1.4. од Конечниот Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за правда, Сметка за приходи наплатени од органи за 2008 година, **не се прифаќа**.

**2.** Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## *О б р а з л о ж е н и е,*

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за правда, Сметка за приходи наплатени од органи за 2008 година, поднесен е приговор бр. 3832/2 од 27.08.2009 година, примен на ден 01.09.2009 година.

Образложението за неприфаќање на приговорот на наодот изнесен во точка 11.1.4 од Конечниот извештај е следното:

1. Приговорот на наодот во точка 11.1.4. од Конечниот извештај што се однесува на остварен приход по основ на надомест на вистинските трошоци по барање за трансфер на осудени лица од странска земја, спротивно на одредбите од Европската конвенција за трансфер на осудени лица, **не се прифаќа**, поради тоа што во приговорот не се доставени нови докази за промена на наодот односно министерството постапува спротивно на член 17 ст. 5 од Европската конвенција за трансфер на осудени лица во кој е кажано дека трошоците за трансфер на осудено лице се на терет на државата.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Скопје, 16.09.2009 година

**Главен државен ревизор,**

**Тања Таневска**